*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1131/**

# З А П И С Н И К

**Од 212.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 28.02.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Селпин Керим,м-рЈагнула Куновска, Анита Латифи и Ивана Трајковска. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Јана Граматниковска-Претседател на пописна комисија,Сузана Николовска-Одделение за сметководство во МРТ и Иле Тримчески-Одделение за човечки ресурси во МРТ. |

**212.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 211.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2022 година.

3. Разгледување на Жалба со бр.04-118/5 од 23.02.2023 година, по Решение за дисциплинска неуредност.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 211.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 211.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 211.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 211.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ, со состојба на 31.12.2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Јана Граматниковска претседател на пописна комисија која детално го објани Извештајот за извршен редовен годишен попис на средства и изворите на средства во ЈРП МРТ како начинот и подготовките како се одвивал целиот процес.
Пописните активности започнаа на 25.12.2022 година со подготовка на пописните листи и нивно доставување до членовите на пописните комисии за извршување на физичкиот попис на средствата во ЈРП МРТ. Комисиите го реализираа пописот совесно и навремено, ги доставија пополнетите пописни листи со утврдената фактичка состојба до одделението за книговодството каде е направена споредба на утвдената фактичка состојба со книговодствената состојба на материјалите и средствата предмет на пописот.
По изработката на поединечните извештаи од секоја комисија, истите се доставини до Централната пописна комисија која во предвидениот рок го изработи Извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2022 година.
Со завршување на пописните активности и по утврдувањето и споредувањето на фактичката со сметководствената состојба на средствата, комисиите во своите извештаи доставија предлози за расход на материјали и средствата (опрема и инвентар од лица и магацини) кои поради нивната долготрајна употреба се физички оштетени, дотраени или се техничко-технолошки застарени.
Во збирниот извештај изработен од Централната пописна комисија се презентирани сите поединечни извештаи на пописните комисии според редоследот во содржината, а во продолжение следат изработени рекапитулари за предложените основни средства, ситен инвентар и материјали за расход.
Извештајот за попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ се состои од два дела и тоа:
Дел I – Попис на нематерјални, материјални средства и залихи од класи 0, 3, 6 и 9 и
Дел II –Попис на побарувања и обврски класи 1 и 2.
На крајот од збирниот извештај следат и општи констатации за пописот.
Сузана Николовска од одделението за сметководство поединечно ги објасни ставките наведени во Одлуката за за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2022 година.
Надзониот одбор на МРТ на своја седница го разгледале Извештајот за извршениот редовен Годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ без поголеми забелешки, и дава согласност на Предлог Одлуката.
Надзониот одбор на МРТ цени дека отписот на побарувања од странство треба да се изостави во Предлог Одлуката и да се вложи напор во идната година да се наплатат побарувањата од странство.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја стави на гласање Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2022 година.

■**Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2022 година** беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2022 година **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3: Разгледување на Жалба со бр.04-118/5 од 23.02.2023 година, по Решение за дисциплинска неуредност.**
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата бр.04-118/5 од 23.02.2023 г.
Иле Тримчески од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е поднесено Решението за дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност, кој го поднел и врз основа на што.

Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по Жалбата со бр.04-118/5 од 23.02.2023 година и по расправата одлучи:

■По расправата **Жалбата со бр.04-118/5 од 23.02.2023** година на вработениот Дарко Гигов беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа:**11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ ја **уважи** Жалбата со бр.04-118/5 од 23.02.2023 година на вработениот Дарко Гигов.

**ТОЧКА 4: Разно.**
По оваа точка пред присутните членови на разгледување беше доставено:
■ Известување со бр.03-1111/1 од 27.02.2023 година, од Директорот на МРТ, со кое се известува Програмскиот совет на МРТ дека по лично барање на Главниот и одговорен уредник на МТВ2, Мигена Горенца, а согласно Законот за вработени во јавниот сектор и Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на јавни услуги и помошно технички лица во ЈРП МРТ, истата ќе биде распоредена на друго соодветно работно место во МРТ на исто ниво.

По оваа точка едногласно беа предложени и два Заклучоци:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација што се планира да се превземе со Редакцијата за документарната програма во МТВ 2 која функционира без уредник и со само еден вработен-Новинар.
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Раководителот на Сектор ТВ Техника да провери и достави Информација зошто звукот (тонот) на МТВ2 е многу слаб во етер.
-Заклучоците беа едногласно усвоени од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател